*УМЕТНИЧКАТА ГАЛЕРИЈА СО ДВА ОБЈЕКТА*

# За почеток-постојаната поставка во Даут пашиниот амам

**● Бидејќи новодобиениот Чифте амам има поголем простор, најверојатно во иднина тој ќе ја прими постојаната поставка на македонската ликовна уметност, а за сегашната Галерија ќе останат „подинамичните“ изложби**

**Софија ЃУРОВСКА**

Откако е извесно дека е прашање на време потпишувањето на договорот за користење на Чифте амамот од страна на Уметничката галерија, како корисник, и Министерството за култура, како сопственик, во Уметничката галерија деновиве порелаксирано се разгледуваат опциите за најсоодветна искористеност на двата објекта со кои сега располага Галеријата.

Новододелениот Чифте амам е градба од 15. век и како споменик на исламската архитектура е под надлежност на Градскиот завод за заштита на спомениците на културата. Објектот и досега беше користен, но за изложби кои не изискуваат „луксуз“: за концептуални изложби и за перформанси. Располага со околу 1.200 метри квадратни, но се наоѓа во исклучително лоша состојба. Тоа значи дека му е потребна целосна санација.

Даут пашиниот амам, пак, иако во него се отвораат секојдневно поставки, исто така се наоѓа пред санација. Го има истиот статус на споменик на исламската култура од 15. век и има 900 метри квадратни корисна површина.

Одговорот на Галеријата за намената на двата објекти по повод официјалното потпишување на договорот за Чифте амамот со Министерството, би изгледал засега вака: в.д. директорката Викторија Васева Димеска, заедно со колективот што ја поддржува, веќе ја започна реализацијата на идејата за Национална галерија, чија поставка треба да биде отворена на 8 септември годинава и тоа во Даут пашиниот амам во кој се наоѓа Уметничката галерија. „Виза за националната поставка што ја подготвуваме во Уметничката галерија, уверена сум, ќе ни даде публиката, не само таа што поминува на изложбите, туку луѓето од странските амбасади, министерствата, официјалните делегации и други гости на кои досега не можевме да им покажеме ништо за ликовната историја во континуитет, од зографите, преку основоположниците на современото до најсовременото денешно сликарство“ вели Викторија Васева, додавајќи: „Бидејќи потребата од национална поставка е неспорна и бидејќи нејзината концепција е договорена, одиме прво на темелна санација на Галеријата, односно на Даут пашиниот амам. Целиот простор ќе го наполниме со дела од фондовите на Галеријата, а ќе ослободиме и неколку помали простории кои досега беа користени како депо. За таа цел се договоривме сите да се претвориме во менаџери за пронаоѓање пари, а не само да чекаме да ни стигнат на сметка од државата. За среќа, во градов има многу значајни фирми и организации кои сакаат да ни помогнат: кој во компјутери, кој во алармни удреди, кој во рефлектори., кој во мермер, бакарен лим и слично. Резултатот од ветената помош наскоро ќе го видиме. Целта ни е сега да го обезбедиме она што значи обвивка, пакување на идната национална поставка, во што имаме исклучително разбирање од в.д. директорката на Градскиот завод Лидија Постолска која веднаш реагираше на нашата покана за учество во санацијата и, според мене, на вистински начин соработува-ефикасно, брзо и со разбирање“ вели Васева.

Покрај националната поставка, што значи една статична и непроменлива изложба, Галеријата има и друга потреба од која не се откажува-од организирањето вредни и значајни поставки што ќе ја обележат нивната подинамична дејност. „Чифте амамот, имено, затоа и беше баран - за изложби што ќе ја презентираат тековната продукција на домашните автори, за изложби-размени со странски институции и сродни национални галерии во светот и перспективно за користење на тој простор од страна на други наши културни институции кои ќе соработуваат со нас и ќе понудат интересни проекти“ вели таа.

Кристализирањето на потребите на Галеријата во иднина ќе покажат кој од двата објекти за што ќе се користи. Но, бидејќи е извесно дека прв ќе биде саниран Даут пашиниот амам, во него и ќе се отвори Постојаната поставка, што не значи и дека таму ќе остане.